# Имаме нешто да кажеме

Ова е визијата на Полициската Академија на Република Македонија, членка на Универзитетот "Св. Климент Охридски", Битола. За нас, наставниците, научниот и наставниот кадар, помошниот персонал и раководството, оваа визија е слика за нашата иднина. Ние планираме да ја реализираме оваа визија во годините кои што доаѓаат.

Доц.Др. Слаѓана Тасева
Директор

На 1 јули 2003 година стапи во сила Законот за Полициска Академија. Овој Закон и дава водечка улога на Полициската Академија во истражувањето и образованието во областа на полициската работа и другите области на безбедноста. Би сакале да ја поткрепиме нашата образовна улога преку обезбедување на основна и продолжителна едукација со квалитет признат на национално и меѓународно ниво и преку евалуација, распространување, продукција и примена на научно знаење во доменот на полициската работа и другите области на безбедност.

Сакаме да станеме центар на квалитет во овој дел на светот и да припаѓаме на петте најдобри Полициски Академии во Европа. Сметаме дека сме одговорни за осовременувањето во областа на истражувањето и едукацијата. Нашата полициска едукација ќе биде признаена на национално и меѓународно ниво. Тоа значи дека ќе ги исполниме националните и меѓународните стандарди за квалитет. Нашите дипломи ќе бидат признаени насекаде во Европа и ќе го олеснат студирањето во странство. Преку станувањето на центар на квалитет, на македонската полиција и на другите органи од областа на безбедноста ќе им се овозможи  тесна поврзаност со исклучителната експертиза. На овој начин ќе може да и служиме на полицијата и на другите органи од областа на безбедноста во нашата земја на најдобар начин.

Полициската едукација ќе и служи на оперативната полиција, која што е одговорна за извршувањето на полициската работа во нашата земја. Ќе се фокусираме на олеснувањето за постигнување на компетенциите за извршување на суштинските активности во работите и функциите на соодветен начин. Компетентноста е способност за справување со суштинските активности во работата и функциите на соодветен начин. Компетенциите се засноваат на знаење, вештини, искуства, ставови и лично однесување. Суштинската активност е доследна целина на основните задачи и проблеми со кои што редовно се соочува професионалецот, како и карактеристики за една професија на едно определено ниво. Профилот на работа се состои во ограничен број на суштински активности. Полициските службеници кои што не ги владеат суштинските активноти во нивната работа не може да се класифицираат како компетентни. Нашето ориентирање кон компетенциите и суштинските активности наведува дека се фокусираме на способностите на луѓето, сега и во иднина. Полициските службеници мора да се компетентни денеска, утре, следниот месец и до крајот на нивната професионална

кариера. Затоа, останувањето компетентен наведува на доживотно учење. Ние ќе креираме и ќе поддржиме соодветни средини за учење за полициските службеници, така што тие ќе можат да учат постојано.

Развојот на компетенциите наведува на учење. Учењето е секоја промена во знаењата, вештините, искуствата или ставовите. Од организациона точка, ефективното учење резултира со промени во однесувањето, кои што може да се забележат и измерат. Повеќето луѓе се на мислење дека учењето се одвива само во училиштата. Училиштето е добро место за учење, тоа е точно. Како и да е, ако погледнеме внимателно ќе забележиме дека добрите полициски службеници стануваат се покомпетентни за време на нивната професионална кариера. Тие учат за нивната работа на работното место. Произлегува дека работното место станува се повеќе и повеќе одлична средина за учење. Учењето на работното место се одвива кога полициските службеници работат индивидуално или заедно со други на нивните лични теории, очекувања и активности. Учењето, исто така се одвива и кога полициските службеници го создаваат или откриваат постоечкото знаење, кое е соодветно за решавање на нивните професионални проблеми. Заедно со оперативната полиција, работното место може интензивно да се искористи како средина за учење.

Полициските службеници имаат значајна општествена функција и од нив се очекува да останат компетентни за време на целата нивна професионална кариера. Преземањето на одговорноста е една од основните одлики на полициската професија. Тоа наведува на основните одговорности во врска со нивната работа и учење. Затоа на полициските службеници мора да им се даде одговорност за нивното сопствено учење. Овој процес започнува од моментот кога ќе влезат за прв пат во Академијата и ќе продолжи секогаш кога ќе ја посетат Академијата по завршувањето на образованието. Наставниците во училиштето и инструкторите во праксата ќе го олеснат и издигнат учењето на нивните ученици. И едните и другите се високо квалификувани експерти и претставуваат значајни примери.

Полициските службеници треба да се во чекор со брзите промени во оп штеството. Едукацијата има за цел да се приспособи на оние промени со принципите на доживотното учење. Фокусирањето на доживотното учење ќе им овозможи на студентите да станат современи професионалци. Полициската Академија ги подготвува студентите да работат во општество кое значително се менува во различни области и во секоја област промените се подлабоки и подлабоки. За да се остане во чекор со овие промени, потребата за постигнување на нови и пошироки компетенции претставува предуслов. Затоа, способноста и желбата за учење е позначајна за модерните полициски службеници каде што се препознава широкиот контекст на учењето: дома, на работното место, во заедницата и во училиштата. Со други зборови, учењето се одвива преку целиот животен опсег и оние кои што доживотно учат се оние кои што свесно се ангажираат и во формалното и во неформалното учење. Едукацијата во Полициската Академија ќе ги обедини елементите кои што ќе им овозможат на студентите доживотно да учат. Студентите ќе бидат експлицитно насочени да учат според програма каде што одговорноста за учењето постепено се пренасочува кон ученикот. За Полициската Академија, вклопувањето на доживотното учење значи дека треба да се работи заедно со полициските сили за да се обезбедат искуства за учењето кои што навистина ќе ги одразуваат потребите на полициската работа во Република Македонија.

Полициската Академија и полициските сили треба да соработуваат со цел да креираат, обезбедат и одржат искуства за учење за студентите кои што ќе го комбинираат академското и стекнатото учење во контекст на создавање на пат за учење кој што е погоден и вреднуван од страна на студентите и нивните професионални средини.

Во секојдневната полициска пракса една од клучните компетенции на полициските службеници е заедничката работа со различни колеги при извршувањето на нивните задачи. Постои зголемено нагласување на тимската работа во работната средина каде што работниците треба да бидат способни да размислуваат креативно, да ги решаваат проблемите и да донесуваат одлуки како тим. Преку експлицитно вметнување на компетенциите за соработка во програмата на Полициската Академија, студентите ќе бидат подобро подготвени за нивните задачи на идните работни места. Исто така, активното разменување на идеи, концепти и принципи во мали групи на студенти ќе го зголеми интересот помеѓу нив. Тимовите кои што соработуваат постигнуваат повисоко ниво на размислување и подолго ги задржуваат информациите од оние кои што работат како индивидуалци.

Заедничкото учење им овозможува на студентите да се вклучат во дискусијата, да бидат одговорни за своето сопствено учење, значи да станат критички размислувачи. Наставниците треба да го надгледуваат процесот во сите тимови и да го контролираат процесот повнимателно кога станува збор за владеење со основното знаење. Една ш кога студентите ќе станат доволно запознаени со материјата, наставниците ќе може да се вратат неколку чекори назад.

Нашите студенти се одговорни за нивното учење. Бидејќи учењето во Полициската Академија беше традиционално доминирано и контролирано од наставниците, студентите ретко донесуваат одлуки за нивното учење. Иако во моментов нашата филозофија за полициската едукација е насочена кон продуцирање на кадри кои се одговорни полицајци, кои се во состојба рационално да учествуваат во една демократија, образовните практики во Полициската Академија имаат тенденција да поттикнуваат зависност, пасивност од страна на оној кој учи и став кој може да се опише како: "кажете ми што да правам и мислам".

Давањето одговорност на студентите за нивното учење ќе им овозможи да бидат поангажирани ученици и да создадат подинамични и побогати средини за учење. Таквите студенти се одговорни и самонасочени. Тие ги дефинираат целите на учењето и проблемите кои им се значајни и кои што даваат глобална слика на кој начин специфичните активности соодветствуваат со тие цели. Студентите го евалуираат нивниот процес на учење и го приспособуваат кога е неопходно.Тие ги знаат нивните јаки страни и слабости и знаат како да се справат со истите на продуктивен и конструктивен начин. Ангажираните ученици се исто така способни да ги обликуваат и раководат промените, а исто така се способни да ги решат новите проблеми. Во ангажираните средини за учење наставниците треба да го олеснат процесот и да ги активираат студентите на начин студентите да бидат способни да преземаат одговорности. Покрај учењето како да станат компетентни полициски службеници, студентите треба да научат како да учат. Во овој процес на учење-како-да-се-учи, на студентите постепено ќе им се дава поголема одговорност за нивното сопствено учење.

Студентите учат во активни средини за учење во кои што решаваат проблеми, одговараат на прашања, формулираат свои прашања, дискутираат, објаснуваат, дебатираат за време на часот, што е во спротивност со поконвенционалните методи каде што наставникот е во центарот на вниманието.

Наставниците се често во искушение да им ги дадат одговорите на студентите. Додека ова изгледа како соодветна стратегија во некои околности, исто така ќе може да го поткопа развојот на разбирањето на студентите. Со цел да се унапредат средините во кои што студентите развиваат подлабоки разбирања, прво, нивните активности треба да бидат насочени кон резонирањето и оценувањето на доказите. Ова ќе им овозможи на студентите да развијат способности за формулирање и решавање на проблемите. Второ, кога ќе се соочат со тешкотија, студентите треба да се охрабрат да направат претпоставки за проблемот и како најдобро да му пристапат. Од студентите ќе се бара да работат заедно, меѓу себе и со наставникот. Во оваа соработка ќе се стави нагласокот на размислувањето на студентите, поставување прашања, спогодувањето и стратегиите за решавањето на проблемите. Со цел да се создаде педагошки пристап за активно ангажирање во учењето, наставниците ќе мора да поставуваат предизвикувачки проблеми, да поттикнуваат значајни дискусии меѓу студентите, да им оставаат доволно време на студентите да се справат со проблемот и да работат на различните аспекти на проблемот.

Пред нашите наставници стои предизвикот да поставуваат проблеми и да ја истакнуваат суштината на односниот предмет. Со цел да предаваат за активното ангажирање во учењето, тие не треба да се само компетентни полициски службеници, туку и да поседуваат определено педагошко знаење.

Наставниците во Полициската Академија и инструкторите на работните места се олеснувачи во процесот на учење на студентите. Тие им дозволуваат на студентите да се стекнат со неопходните компетенции на начин на кој што студентите ќе бидат одговорни за своето учење, поединечно и како дел од тимот. Учењето не се одвива само во Полициската Академија, туку е исто така интегрирано и во работата - на идното работно место. Полициската Академија им обезбедува на студентите сигурна средина за учење, каде што наставниците нудат можност за постигнување на почетните компетенции во учењето на работата. Нашите студенти ќе се стекнат со продлабочени компетенции и ќе ги добијат првите искуства кои ќе ги припремат за улогата на компетентни професионалци.
Наставниците во Полициската Академија и инструкторите на работните места ќе ја исполнат својата улога во согласност со целите потребни за учење, опишани погоре.

Наставниците го поддржуваат процесот на учење на студентите преку објаснувања, демонстрирања и обезбедување обука за способностите кои треба да се користат при постапувањето. Имајќи го во предвид извршувањето на оваа задача, наставникот дава специфични информации и поставува директни прашања. Тој им помага на студентите во одржувањето на процесот на учење и ги насочува во вистинска насока кога е потребно да се интервенира преку давање проценки и обезбедување фидбек. Со други зборови, наставникот создава средина и предуслови за учење. На крајот, наставникот може исто така да создаде средина за учење, активности поврзани со учењето, наставни средства, педагошки методи и материјали кои што имаат за цел да

го олеснат учењето на студентите.

За инструкторите на работните места е значајно да се компетентни професионалци за суштинските активности преку кои што студентот се здобива со компетенции. Понатаму, со цел да им се овозможи на студентите ефективно да учат, инструкторите треба да владеат со соодветни педагошки компетенции.

Нашата Академија се наоѓа во процес на развој. Како и многу други институции во нашата држава и ние добиваме дополнителна помош од меѓународната заедница и соработуваме со се повеќе и повеќе партнери. И помошта која се добива за оваа визија ќ е биде координирана од меѓународната заедница. Координацијата ќе овозможи понудената поддршка да го задоволи организацискиот и едукативниот модел усвоен од страна на Академијата.